ЕВРОПСКИ УНИВЕРЗИТЕТ
Бр. 03-426/1
31.05 2021 год.
СКОПЈЕ 1

ЕВРОПСКИ
УНИВЕРЗИТЕТ

ПРОГРАМА

за меѓународна соработка на Европски универзитет Скопје

Скопје, Мај 2021 година

Вовед

Меѓународната соработка е една од активностите на универзитетот што придонесува за подобрување на видливоста, конкурентноста, образовните активности, истражувачката работа, а со тоа и иновативниот потенцијал на универзитетот. Меѓународната соработка е составен дел на модерен универзитет, преку која се развива и зајакнува неговата улога во развојот на средина во која работи универзитетот.

Развојот на општеството е можен само со квалитетен систем на високо образование. Развојот на Република Македонија во голема мера зависи од тоа колку системот на високо образование е компатибилен со реформските процеси на развиените земји во светот. Образовниот систем е еден од најважните сегменти на секое општество.

Имајќи го предвид горното, Сенатот на Европски универзитет Скопје донесе Одлука бр. 02-78/1 од 29.01.2021 година за формирање на работна група за изработка на Програма за меѓународна соработка, под раководство на Ректорот на Европски универзитет Скопје, проф. д-р Владо Ванковски.

Цел и видови на меѓународната соработка

Основни цели на Европски универзитет Скопје се развој на кадар конкурентен на пазарот на трудот, развој и унапредување на студиски програми во согласност со европските стандарди и најновите достигнувања во наставата и науката, преку соработка и размена на најдобри практики со организации од Европа и светот.

Меѓународната соработка е клучен развоен фактор и за нејзина операционализација Европски универзитет Скопје ќе ги преземе следниве активности:

- *Мобилност на студенти и наставен/соработнички кадар* – Европски универзитет Скопје ја поттикнува размената и мобилноста на студенти, наставен, соработнички и административен кадар во рамки на Erasmus+ програмата и другите програми со цел трансфер на знаење, стекнување меѓународно искуство, развој на професионални компетенции и нивна примена.
- *Развој на иновативни образовни програми* – Европски универзитет Скопје има тенденција за создавање и развивање нови студиски програми и програми за доживотно учење во согласност со најдобрите меѓународни практики, како и примена на највисоки образовни стандарди во согласност со потребите на пазарот на трудот.

- *Меѓународни конекции* – Европски универзитет Скопје има тенденција да ја унапреди постојната соработка, како и да развие и воспостави соработка со високообразовни институции, бизнис заедницата, како и со меѓународни научни и стручни институции од регионот, Европа и светот со цел јакнење на образовниот, научниот, истражувачкиот и стручниот потенцијал на студентите и вработените, воспоставување на нови контакти, како и трансфер на знаење, вештини и искуство.
- *Вклученост во меѓународни проекти* - Европски универзитет Скопје има тенденција активно да учествува во повиците на Европската комисија и други организации, како носител или партнер на меѓународни проекти, посветени на унапредување на образованието, истражувањата, како и јакнење на стручните знаења и способности. Суштината е во меѓународните проекти да биде вклучен што поголем наставен, соработнички и административен кадар и на тој начин да се создадат услови за нивна континуирана стручна, педагошка и научна работа во мултикултурно опкружување.

При реализација на меѓународната соработка Европски универзитет Скопје ќе настојува да гради партнерства со други институции, во квантитативна и во квалитативна смисла.

Имено, при воспоставување на партнерства со други високообразовни институции ќе се земаат во предвид неколку фактори, и тоа: образовниот систем, комплементарноста на програмите, заедничките интереси во поглед на наставата и истражувањата, постоечките партнерства, можноста за пренос на кредити, како и можноста за вклучување на соодветен број студенти и наставен кадар, со цел воспоставување баланс во меѓусебната размена.

Во однос на проектите на мобилност Erasmus+ клучни целни групи на Европски универзитет Скопје се студентите од прв и втор циклус на студии, студентите на пракса, наставниот, соработничкиот и административниот кадар. Цел на програмите за мобилност е стекнување на нови искуства, знаења и вештини во интернационално опкружување, унапредување на професионалните способности, воспоставување и продлабочување на соработката, како и иницирање нови проекти.

Билатералната соработка, особено со институции од членки на Европската унија, е силен фактор за развој на меѓународната соработка, преку градење на заеднички студиски програми, размена на студенти и наставен кадар, партнерство во проекти и заеднички настап во научно-истражувачки активности.

Како резултат на успешното имплементирање на програмските активности Европскиот универзитет Скопје има склучено интеринституционални договори за соработка со следниве универзитети:

1. University of Ljubljana – Faculty of Social Science, Ljubljana, Slovenija;
2. Universita di Foggia-Italy;
3. Istanbul University – Istanbul, Turkey;
4. Gazi University – Ankara, Turkey;
5. Ticaret University – Istanbul, Turkey;
6. Akdeniz University – Antalya, Turkey;
7. Biruni University, Istanbul, Turkey;
8. University of Business Studies (UPS), Banja Luka;
9. International University Travnik -Bosnia and Herzegovina;
10. University of Donja Gorica, Podgorica, Montenegro;
11. The University of Economics and Culture, Riga, Latvia;
12. Ege University, Izmir, Turkey;
13. University of Busines and Rural Development, Plovdiv, Bulgaria;
14. Faculty of Commercial and Business Sciences, Celje, Slovenia;
15. Aspira-University College of Management and Design, Split, Croatia;
16. Burgas Free University, Burgas, Bulgaria;
17. European University of Tirana, Tirana, Albania;
18. Universum College, Pristina, Kosovo;
19. Faculty of Economics, University of Nis, Serbia;
20. University of Split-Split, Croatia; Latvia Culture College at the Latvian Academy of Culture, Riga, Latvia;
21. Ankara University, Ankara, Turkey;
22. Akademia Sztuki w Szczecine, Poland;
23. Dicle University, Turkey;
24. Ankara Yilderim Beyazit University, Ankara, Turkey;

25. Istinye university, Istanbul, Turkey;
26. Gedik University, Istanbul, Turkey;
27. Yarmouk University, Jordan;
28. Kyiv National University of Trade and Economics, Kyiv, Ukraine;
29. Academia Higher Education Colleges, Maribor, Slovenia;
30. International Business School, Botevgrad, Bulgaria;
31. Western New Maxico University, USA;
32. Medical University of Plovdiv, Bulgaria;
33. Ludwig Maximilian University of Munich, Munich, Germany;
34. Alanya Alaaddin Keykubat University, Alanya, Turkey.

Поаѓајќи од стратешките определби на Европски универзитет Скопје активностите во поглед на меѓународната соработка се насочени кон развој на нови и унапредување на постојните студиски програми, во согласност со актуелните научни достигнувања, потребите на општеството и бизнис секторот, како најновите трендови во областа на високото образиование.

Во таа смисла, Европски универзитет Скопје настојува да развива нови партнерства, а во исто време постојните партнерства да ги продлабочи. Поенатата е преку силната меѓусебна соработка да се дојде до степен на стратешко партнерство што значи координирано дејствување во повеќе различни области, заедничко раководење со проекти, заедничко јакнење на капацитетите. Предност за стратешко партнерство треба да им се даде на институции од регионот, Европа или светот кои се познати во високите резултати во областа на образованието и науката.

Долгорочно, Европски универзитет Скопје има намера да го зголеми бројот на партнерства и да биде апликант или партнер за следните програми во рамките на Erasmus+:

- **KA1** - Учење преку индивидуални мобилности
  - Учењето преку индивидуални мобилности создава можности за индивидуите да ги подобрат своите вештини, подобрување на вештините за вработување и зголемување на културната свест.
- **KA 2** - Соработка за иновација и размена на добри практики
  - Програмата за градење на капацитетите во високото образование (KA2) преку која Европски универзитет Скопје ќе обезбеди пренос на најдобрите

практики како и модернизација на високото образование преку развој на иновативни студиски програми, унапредување на управувањето и остварување на различни видови на интеракција помеѓу високото образование и општеството во целина.

- Градење на капацитети во полето на млади односно создавање стратешки партнерства (КА2) со организации од областа на образование, обука и млади, со цел соработка за модернизација на институциите, размена на искуства, знаења и иновативна пракса.
- Развој на алијанси на знаења (КА2) низ транснационални проекти и соработка со организации од различни сектори со цел развој на нови пристапи во наставата и учењето, стимулирање на претприемаштвото меѓу студентите и овозможување на трансфер на знаења преку програмите за размена.

- **Жан Моне активностите** кои се насочени кон промовирање на квалитетот во наставата, организирање курсеви, истражувања, коференции, како и публикации од областа на студии за ЕУ на локално, централно и меѓународно ниво.

Канцеларија за меѓународни односи

Канцеларијата за меѓународни односи ќе му овозможи на Универзитетот интернационализација преку лидерство и совети, особено со координација и надзор над воспоставувањето, развојот и прегледот на формалните билатерални и мултилатерални односи на универзитетот со странски универзитети и други стратешки партнери.

Канцеларијата исто така ќе овозможи генерирање и спроведување на мерки за зголемување на меѓународната мобилност на студенти и наставници, интеграција на Универзитетот во Европската програма во областа на образованието и науката и во меѓународните мрежи, како и координација со странски универзитети и високообразовна институција.

Нејзината работа се заснова на следните основни вредности:

- Развивање капацитет;
- Промовирање на иновативни истражувачки проекти со цел генерирање на знаење преку процес на заемно учење;
- Услуга на студенти, засегнати страни и партнери;
- Развивање меѓународна програма за студенти, кадар и партнери;
- Управување и олеснување на програмите за размена.

Можностите за размена на Универзитетот се реализираат преку:

- Биро за помош и советување за странски студенти;

- Меѓународни односи со партнерски институции;
- Обуки за вработените и наставниците за Еразмус+;
- Организирање неформални средби за студенти.

Меѓународната соработка на Универзитетот ќе се реализира во рамки на активностите засновани на билатерални договори, во рамките на меѓународни универзитетски мрежи, меѓународни проекти на Европската комисија и други активности, односно преку:

- Потпишување на билатерални договори за соработка со универзитети во земјата и надвор од неа;
- Учество на универзитетот во програма Еразмус+;
- Потпишување на билатерални договори за Еразмус+.

Ваквите активности ќе му овозможат на универзитетот реализација на научни и стручни истражувачки проекти, организација на заеднички конференции, како и членство во разни универзитетски асоцијации и здруженија и форуми.

Еден од приоритетите на Канцеларијата ќе биде создавање средина во која студентите и академскиот кадар ќе се развиваат во професионалната област што ќе им овозможи да изградат основа за да станат идни истражувачи и креативни умови кои ќе можат да придонесат за развојот на општествениот систем во нашата држава.

Оперативни чекори за зајакнување на меѓународната соработка

Создавањето, одржувањето и развивањето на меѓународната соработка е постојан процес кој бара солидни ресурси и силна посветеност на институцијата. За таа цел, во продолжение, се дефинирани клучните сегменти, од различна природа, кои може да имаат позитивен ефект на меѓународната соработка на Европски универзитет – Скопје.

А. Во делот на кадровски потенцијал потребно е преземање на следните чекори:

1. ***Назначување на посебен координатор за меѓународна соработка и Еразмус***

Имено, на странските универзитети со кои Европски универзитет има воспоставено соработка, вообичаено постои посебно работно место за реализација на ваквите активности. Апликациите, проектните активности и мобилностите бараат обемна административна поддршка, координација и информирање на корисниците за можностите и процедурите.

2. ***Назначување на Проректор за меѓународна соработка***

За развивањето на меѓународната соработка е значајно да биде назначен Проректор за меѓународна соработка на Европски универзитет Скопје. Станува збор за позиција која ќе има значајно влијание на успешното имплементирање и реализирање на Програмата за меѓународна соработка.

3. ***Почесни професори и доктори на науки од странски универзитети***

Доделувањето звања profesor honoris causa и doctor honoris causa на истакнати професори од универзитети од Република Македонија и странство кои дале особен придонес за развој на високо-образовната дејност, а особено за воспоставување и развивање на соработката со Европски универзитет Скопје треба да продолжи и понатаму. Контактите и соработката со овие лица треба да добие на интензитет, и резултатите од заедничките активности треба да бидат јавно достапни, првенствено преку веб страната на Универзитетот, но и другите алатки за социјална комуникација.

Б. Механизми за јакнење на меѓународната соработка во рамките на Република Македонија:

4. ***Соработка со меѓународни организации кои имаат свои канцеларии во Република Македонија***

Одржувањето и развојот на меѓународната соработка со странски организации и претставништва во Македонија, како што се: Британскиот совет, Францускиот институт, Германското друштво за меѓународна соработка, УНДП, Делегацијата на ЕУ, амбасади на други држави во Република Македонија и други меѓународни организации е особено значајно бидејќи преку нив доаѓа до вмрежувања во проекти и контакти со проверени и реномирани странски универзитети и организации.

5. ***Зајакнување на соработката со Европската асоцијација за едукација (AEDE)***

Станува збор за организација за соработка и информативна платформа, каде што наставниците од Европа разменуваат мислења за теми поврзани со едукацијата. Имено, Европски универзитет Скопје е член на оваа организација, преку интензивирање на активностите би се придонело за подобрување на меѓународната конекција и развој.

6. ***Соработка со Националната агенција за европски програми и мобилност***

Поаѓајќи од улогата и надлежностите на Националната агенција потребна е поефикасна соработка со оваа државна институција во насока на квалитативна застапеност и преставување на Европски универзитет Скопје.

В. ЕРАЗМУС и меѓународни асоцијации:

7. ***Проширување на партнерствата*** со универзитети во странство и други институции, преку кои ќе се реализираат соработки во рамки на меѓународни проекти, работилници, конференции, изложби.

8. ***Студентска мобилност Еразмус+***

9. ***Студентска пракса во странски компании преку Еразмус+***

10. ***Мобилност на наставниот и административниот кадар - Еразмус+***

11. ***Членства и умрежување***

Асоцирањето на универзитетот како целина, и на факултетите како посебни единки, во рамките на меѓународни организации и тела и клучен фактор за да се биде во тек со новите достигнувања и поставените цели на меѓународно ниво. Ваквото асоцирање има големо влијание за квалитативната надградба на кадарот, соочување со новите предизвици, а со тоа универзитетот како целина гради посилна позиција на меѓународен план, која се разбира дека ќе има ефект и на внатрешен план.

Г. Подобрување на техничките капацитети, зголемена видливост и конекција на меѓународен план:

12. ***Подобрување и осовременување на компјутерската опрема.***

Предуслов за квалитетна меѓународна соработка, од која Европски универзитет Скопје ќе има значаен импакт е подобрувањето на компјутерската и другата техничка опрема (посебно на факултетите каде е особено потребна во секојдневното изведување на наставата).

Станува збор за средства кои се суштински за потребни за студентите кои би дошле да студираат на Европски универзитет Скопје, но исто така и за олеснета комуникација и соработка на вработените на универзитетот со свои колеги од други универзитети, а што во услови на КОВИД пандемија се покажа како conditio sine qua non да се спроведе настава или да се присуствува на работни состаноци.

13. ***Редовно одржување на профилите на Европски универзитет Скопје на социјалните мрежи***

Социјалните медиуми за краток временски период го заседоа местот на традиционалните медиуми овозможувајќи пренос на информацијата за кратко време. Токму тие стануваат доминантни места за рекламирање, комуникација и прикажување на достигнувањата. Затоа Европски универзитет Скопје треба редовно да ги ажурира податоците на своите профили, како и да отвара профили

на други мрежи. Сепак, посебен акцент треба да се стави на професионалните социјални мрежи како што е LinkedIn.

14. ***Зголемена видливост на кадровскиот потенцијал***

Потребно е објавување на податоци и кратки биографии на наставниот кадар на англиски јазик на веб страната на Европски универзитет Скопје, како што е пракса на сите светски универзитети. При тоа можни се разни модалитети, т.е., по азбучен ред, по факултет или слично, но поенатат е во видливоста на кадарот и неговите квалификации.

Универзитетски сенат

Претседател

Вон. проф. д-р Ѓорги Сламков